Славко Јаневски

# ПЕСНИ

СЛАВКО ЈАНЕВСКИ (ПЕСНИ)

1944 — 1948

СЛАВКО ЈАНЕВСКИ

# ПЕСНИ

ДРЖАВНО КНИГОИЗДАТЕЛСТВО НА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ — 1948

ИЛИНКА СОНЧЕВА
СВРШЕНИЦА

## Ч е т и р и т е

Четири ајдука одат,
ноќта ги следи во стапки,
брезите плискаат на нив
росница, студени капки.

Одат ...
Првиот ѕборува:
„Си имам девојка танка,
рујна ко ајдучко знаме,
бела ко цутје на гранка“.

Одат ...
Вториот зборува:
„Си имам малечко дете,
мило ко ајдучка пролет,
бистро ко потокот летен“.

Одат ...
Третиот зборува:
„Невеста лична си имам,
драга ко утрено сонце,
топла ко оганот зимен“.

Одат ...
Задниот зборува:
„Никого немам на светов,
до една кременка лута,
знаме -
и ајдучка чета".

Четири ајдука молчат,
месецот минува со нив,
ветерот развева в гора
        ајдучки
        разговор
        ѕвонлив ...

# Ајдучка легенда

Позаспале села в модри соној,
под заглавје зрак им послал свила,
месечина под бран речен рони,
одморува в покој бели крилја ...

Натежнале необрани лозја,
под копита негде друмот ѕвони,
Џин-ајдутин, луг и силен Козјак,
неспокојно коњ по мракот гони.

Иде јунак, заминуна гори,
левен другар седум ноќи бара,
седма вечер в челникови дворој
се наведна пред мајка му стара:

„Кажи, мајко, син ти љубен кај е?
Сто соколци за соколец жалат,
в пресечени грла клетва трае,
дење - ноќе сонце не се пали.

Од лелејка твојот син го раснев,
кажи, мајка, кажи син ти кај е ?
В мајчините очи светлост гасне,
наведена пред јунакот трае.

Ноќ е, ветрец над лист дабов мине,
лебед пиле попаднало в поток,
ноќ е, славеј в песна срце кине,
на друм сребрен слегол месец кроток.

Ноќ е ... Тогаш под сламната стреа
тажен борец пред мајката стапна:
„Син ти падна! .." -. и наведе глава-
да сокрие солзи што му капат.

Писна мајка за мртвото чедо:
„Кој на пролет по бразди ќе сее,
кој ќе сее, кој снопје ќе реди,
чие око на ден ќе се смее?

Кој на оро ќе надува гајди,
кој на покоп стара ќе ме плаче,
кој по гора угре ќе се најде -
да го брани мојот народ мачен?"

Писна мајка, Козјак стемне в лице,
од очите молскаици плисна,
луто здивна, за пушка се фати –
тажно соце в машки гради стисна ...

Мајчината солза кај што капна –
тука никна китка горчлив пелин,
кај што Казјак в темницата стапна-
запрскаа жар и искри врели,
кај што крвје прокапаа челад –
пораснаа житовити села ...

## Девојка и сокол

- Што ме будиш, пиле, сокол пиле,
што со гради в прозор биеш,
каква радост, каква милост,
в срце криеш?

- Да ли ми те левен Стојан прати
за на свадба стројник - весник,
или ти се, сива птицо,
гори тесни?

- Ни сум стројник, ни се гори тесни,
туку весг сум, бела росо,
од бел Пирин в мојве гради
љубов носам.

И ти носам на крилјава мои
песна што ја пеел Стојан –
без слобода не ќе дојде,
веро моја.

## Челник Пејо

Левен Пејо на долама лежи,
пуштил перче преку веѓи вити,
ранет лежи не станува јунак,
на тамбура бие жици китни.

Песна лета. Гласовити жицн
надзборуват во седала птици:

„Чуј ме, чето, чујте, борци - рисој,
преку гори, преку седум висој,
девет дена, девет ноки лежам,
коњ ме жали, сокол сив ме плаче,
леат солзи, лута жад ми гаснат –
горам в жешка треска што ме мачи.

Чујте, борци, девет гори минав,
девет сабји скршив в девет боја,
вас ве барав, сега болен лежам
и со солзи гола земја појам.

Не се солзи што за здравје капат,
ни се солзи за алено вино,
но се солзи за пустава земја –
на долж, на шир грабач што ја мине.

Болен лежам, а солзите те капат,
за чапкунче коњче огновито,
за скршена сабја боевита,
за даљанка пушка кременица,
за соколче в гора-изгорица ...

Чуј ме, чето, ако не ме чуеш –
песна ке ми чујат сури орли,
чуј ме, чето, и ако ме чуеш –
однеси ме преку девет гора.

Сирачиња од маки да бранам,
и да гаснам в пусти села пламен,
дојди, чето, заздрави ми рани
и земи ме под своето знаме".

## Три неволји

Млада мома извикува борец,
од крај село под зелено борје:
„Свршениче, цвет румен на гранка,
сокле саво, од Гоцева дланка,
јас те мислам, ден и ноќ те чекам –
да одиме до бистрата река,
да седнеме под пупките цутни,
да ти кажам: три неволји лути.
Прва ми е на сред село оро -
сите в оро а тебо те нема,
втора ми е татковите двори -
в кои без тебе и денот е темен,
трета ми е најлута од сите -
дење ... ноќе јас за тебе незнам,
жив ли си ми, бајрактаре китен,
Рујно цвеке, в платно што те везам."

Млад ми јунак зад темната гора
пушки фрла, извикува зборој:
„Свршеницо, лична моја брезо,
што ме чекаш, што дарови везеш?
За неволји ако танко пееш -

ај, без мене тажно в оро не е ...
Не ме жели в пусти бели двори,
не ме чекај од залез до зори
и не жали што не знаеш, љубно,
жив ли сум ти, дали ќе се вратам,
со целувки да ти згреам убост,
да ти китам со цвет коса златна ...
Три неволји н мене ме мачат ...
Прва ми и тешка и лута –
под вериги уште мајки плачат,
даца снага им свиваат в скутој,
невестици бело лице кријат,
лице кријат и в солзи го мијат;
втора ми е дружината моја,
по полето убитите орли
што со крви жедна земја појат;
трета ми е најлута од сите,
ми загина капиданот китен,
капиданот Гоце, орел крилен,
ми загина под куршуми пламни,
ми испрати стрела - поглед силен
в планините и в нивите рамни ...
Три неволји, таго моја жива,
три неволји в гради не ќе стивнат ...
В лута тага младоста ми вене,
жали, душо, и ноќе и дење."

## Илинка сончева свршеница

Знам прикаска една
за девојка,
за езерска вила,
знам прикаска тажна
и тажна, и мила ...

Под црните трепки и светнала младост,.
месечина зраци и сплела во коси,
пролетните пупки и кителе гради,
на лицето вишни и зрееле росни.

Езерото в очи и плиснало капки,
и строела снага зелената ела,
сто ергени млади и следеле стапки,
и греела ѕвезда на белото чело.

Со издишки топли го топела снегот,
низ нокта ли мине - изгревала зора,
и чувале трага охридските брегој,
и белеле снага изворите в гора.

Шепотеле ноќе рибарите на лов:
„На Илинден мугра ја донела в светот,
ја доела кришум самовила горска –
на постела чудна од пролетни цветој."

И Сонцето, велат, се топело в љубов
и нижело низа за грло и бело,
нејзината снага, нејзината убост
ја чувале в спомен сто планински села.

2

Зората еднаш отвори врата
Сонцето младо во ден да стапи,
на него тежи срма и злато,
в раце му копје, на глава калпак.

Сонцето мине - в крила му пламен,
искри му бијат од очи светли,
развеал облак, румено знаме,
заденал в појас кавал и цветој ...

Денот од очи сонот го стресе
Илинка кога излезе в дворје,
славеј и в грло запеа песна,
пред неа глава веднеа борје.

Езеро бурно, бурно и лудо
зативна далги, в модрина светна,
пред неа легна ко јагне рудо,
белопер галеб в раце и слета.

Ергенот пламен и виде лика,
в пазуви сокри голема љубов,
од грло младо песна му бликна
за таа чудна моминска убост ...

3

Рибарите зборат - две по тоа лета,
ја попита тоа од мајка и милно,
на дорија крилен од планина слета
и закити мома со проѕирна свила.

Еј, какво е момче пламеното Сонце,
сто соколци - сватој му краселе рамо,
сто јаболки златни му зрееле в појас,
сто разиграл ора под сватовско знаме ...

А колку е лична невестата бела –
розолика пупка во априлска роса,
малинови цветја и кителе чело,
светулките полски и спиеле в коса.

4

В недела, еднаш, зашумеа лисја,
божурот пламен се разгоре в ден,
момата стројна ја топлеа мисли,
чекаше момче и белеше лен.

Облаче снежно се топеше в капки,
свршеник огнен минуваше пат,
долама скапа по небото напнал,
под веѓи црни му молснувал зрак.

Момата прати до момчето поглед,
распеа грло од синиот брег,
занеме кога планината статне -
и пламења назре в далечина змеј.

Брзаше Сонцето, свршеник личен,
и пат му попречи облакот в час,
очи му сокри со преврска темна,
лице му покри со дождој и мраз.

5

Пред Илинка змејот се сопра во пена
и исипа оган од носници црни,
в езерото бура в крај на крај се крена,
се намурте денот, планината згрме.

Затрепете борот, оголеа буки –
над водата бурна се разнесе пукот:
„Свршеницо млада, јас горам од љубов
И сакам да раснам од твојата убост ...

Ој, девојко, ој, Илинко,
момо, в срце износена,
закитена, оросена,
сакам да си моја!"

6

Илинка в гордост испраи чело,
љубовта сила разбуди в неа,
од очи силни зафрла стрели,
моминска гордост гради и згреа:

„Нашите планински села
од тебе палени чадат,
моми над момчиња мртви
пелин и босилек садат,
горите, нашата гордост,
племето твое ги ништи,
чедо - крај вдовица мајка -
жално и печално пишти.

Нема јас никогаш жива
пред тебе срамно да паднам,
Сонцето со зрак и светлост
пак ќе ме милува млада ..."

Зататне, потемне брегот,
писнаа немирни ветрој,
заплака вилата горска -
за мома, скинато цвете.

7

Свршеницо, таго,
таго в срце скриена,
расплантена булко,
в росни капки миена.

Замолкната песно,
песно топла, ѕвонлива,
заматена водо,
водо моја пенлива.

Покосена срно,
срно в зора доена,
галебице итра,
од грст Сончев поена.

Свршенице, таго,
таго в солзи миена ...
Ој, Илинко момо,
в безброј срца скриена.

8

А Сонцето в борба разфрлало зраци
со омраза врела растопило мраз.
Студениот облак му изгина в раце ...
Но на мрамор студен невестата млада
со смрзнати очи лежеше без глас.

Свенуваа рози и плачеше денот,
умираше галеб и плискаше бран,
на моминско грло крв нанижа низа -
по земјата никна млад рујноглав мак.

Огновити солзи годеникот капна
и исплака очи во залез од јад,
да потопи тага в езерото стапна,
кај замина светна злат неминат пат.

Рибарите зборат - на лов кога одат -
Сончевото лице светна еднаш в мај,
порасфрла зраци по сината вода –
и остана навек в рибарскиот крај.

# Голаб на барикада

## Испрак'ала мајка чедо

В планини летни, немирен сокол,
тамо се борат соколски јата,
в планини барај, барај без спокој
извори бистри ко детско око,
нашите води од крв се матат ...

В пазуви земи пченично зрно
нашето жито в бурново време
изгоре, чедо, гламјоса црно.

Донеси, синко, убава мома,
жито да сее в бескрајна нива,
донеси в пролет, донеси дома
убава мома, Слобода жива ...

## Калина

Калина, мома Калина,
румена горска капина,

Коса и руса, свилена
разигран ветер лелее,
гради и пупки пролетни -
на нив се лебед белее,
в очи и искри немирни,
веди згаснале.

Калина, класок житовен, -
покосен,
низ жар и оган изнесен,
цветок во слана изгорен.

Винтовка кога записка,
немирна Пчиња заплиска,
птица од гнездо излета,
волчица в гора изрипа,
в опкопи мома налета.

Налета оган засеа,
песна низ нокта разлеа,
туѓинци в снопје расеа ...

Девојко, зоро румена,
девојко непрежалена,
девојко в живот вљубна.
Барут во нокта засветка,
топла ти песна замолкна,
крај сета чета падната
светлоста в око изгасна.

А пред да зора зазори
крилја во нокта шумнаа ...
ѕвездено јаго пролета,
русалка млада долета,
трепетно,
               леко,
                        нечујно

на раце мома, заниша:
„Почивај, мома почивај ...
очи ти в зраци светнале -
и в шум на поток планински
гласот ти шумел распеан ..."
Трепетно,
               леко,
                        нечујно

целувка топла остави
на мрамор чело момино,
трепетно,
        леко,
            нечујно

в ширина
сина
замина
русалка - млада Слооода.

## Порака

Ти, невесто, прашаш што дома ме нема,
опустена куќа да кренам од пепел,
да оладам рани од крвнички ками,
да погледам очи од плачење слепи,
штом расцвета пролет, да засеам поле,
да распеам грло со румено вино,
под стариот орев да седнам со синот,
и на стреи кога штрк напролет слета
да запеам песна за нашата чета.

Ти, невесто, прашаш, срно моја лека,
ти прашаш и тлееш и секој ден чекаш.

Но погледај, кога в страв крвник се враќа
од далеку, скршен низ селото мине,
и куќи ни пали да задуши мака,
ти погледај - здивот на уста му стине,
ти погледај - мине разбитата хорда
и не свивај глава, но помни ме горда.

И не ли се вратам, не исплакуј очи,
и напој го синот со одмазда лута,
и пови го в оган, и кажи му песна,
слободата кога го лулне на скутој,
како скапо платив ден сончев и златен.

Не исплакуј очи ... А ако се вратам
и искинам жици пред твоето лице,
и развеам знаме, расплamтена птица,
ќе надојде порој од пролетни зраци,
ќе повлечам бразди по нашите ниви,
со незнајна радост во нашата младост
под новата стреа ке заѕвони смеа,
ќе слетаат в село ластоечки јата,
а нивите наши в бескрај ке се златат ...

## П о л н о ќ н а   п р и к а з н а

Темно, зракот преку гора замрел.
Тивко шумат в пења бистри реки,
дробат капки, бели зрна леки-
прекуниви, цветни ниви рамни.

Шумат реки песни вечно исти,
шумат песни до далечно море.
в тие песни јунак, паднат борец,
зборој збори со бранови бистри;

„Паднав в борба една вечер темна,
мајко моја, моја душо бела,
в лет ме косна картечница врела,
преку чело - и ме покри земја.

Седум бевме, милувавме живот,
седум, мајко, седум росни крина,
но не најде крилја да ни скине
туѓин крвав од заседа дива.

Седум бевме... Беше блага пролет ...
седум борци, заморенн, гладни,
седум срца како зора млади ...
седум млади не прегрна поле.

А ти, мајко, лулна чедо прво
на праг татков, едно жешко лето -
и со песна за комитска чета
го задои со одмазда крвна.

Сега плетеш и ме чекаш страдна,
чекаш гора да ти врати чедо ...
чекаш, мајко, прагот да го минам
и во стари раце да ти паднам.

А јас помнам од малечко бајка –
некој човек до три века имал ...
Во три борби јас луто би гинел,
за ден сончев не би жалел, мајко!..“

,,Мајко, мајко ..." шумат скришни крилја,
ноќен излив мине преку борој.
,,Мајко, мајко ..." ветер носи зборој,
неми гробој седум борци скриле.

## Горска приспивна

Спи, ми, сине, спи ми, чедо,
јас што имам ти си сé,
на твоето лице бледо
ќе распламнат рози две.

На топли ми гради затрај,
те повива сонот благ,
над бела ти снага ткае
сребрен покрив ѕвезден зрак.

Спи ми, душо, спи ми, сине,
те успива шум на лист,
божур - китки ветер кине
и ти кити образ чист.

Огништето наше згасна,
но пак сме во роден крај.
Спи ми, чедо, спи и расни
за нашиот иден мај!

Спи а, утре ќе те мамат
в игра бела птици рој,
над твоето младо рамо
борец бдее - братот твој.

Спи ми, сине, спи ми, чедо,
јас што имам ти си се,
на тноето лице бледо
пак ќе цутат рози две.

## Горка лирика во селската крчма

Стрепкува ламбата,
чадна, заматена, бледа,
неколку селани
молчејќи 'в крчмата седат.

Стегнал јануари,
бие по вратите луто,
заспало селото -
в голите планински скутој ...

Разлева крчмата:
„Стегнало зимово јако ...
Пустиве планини
од студ се грчат во мака ..."

„Тешко, проклетија,
волкот пред ветеров бега,
лутава да не е
душава мраз ќе ја стега! .."

„А Дојчо загазил,
му смрзнал русиет мустак,
низ село говорат -
велат - го подгонил Русот !

„Верно ... проклетија ...
опустел, витосал светов ... “
„Потивко, потивко,
еве го, влезува кметот ...“

Записка ветерот,
изви од ламбата чадот,
пијана издишка
плисна од кметските гради ...

„Пак вие тука сте,
некако немате покој ...?"
„Покој? ... Од покојот
солзи ни сјајат во око!"

Капна ракијата,
старецот подѕирна в дното,
шмркна намуртено
и силом го голтна злото.

„Се ни е убаво,
сите без гладна сме челад,
в логор ги собравте,
стивнаа грижите в село.

„Три деца изранив,
в четири ѕидови пусти,
туку ме сочува
Дојчо од гладните усти ..."

Прокапа солзата
в чашката - полна со јадој,
горките зборови
згинаа в белата брада.

„Крчмару - девеflу,
наточи ракија малу,
кесево празно е -
но глава оставам в залог.

Вистина главава
не ќе е некако скапа,
стои на рамења
од неа солзи да капат ...“

Старецот замолкна,
бура низ вратата проби,
навлезе в одаја
в глувото полноќно доба.

В задните часови
шепнеше стариот селан:
„Нема да дочекам
утрешна зорница бела ...

Да одам време е
кај трите убити синој,
роден сум одамна,
секако, стота ја минав.

Но само да ми е
да ѕирна н од гробот ладен,
да видам одмазда
за трнте синови млади ..."

Старецот замолкна,
ветерот удри во врата,
догоре фитилот,
изгасна светлоста матна.

## Г о р а т а  з а  о в ч а р о т

Те помнам од мало,
Благоја,
благ ден во неблага година,
на мене кавал си развивал,
в сенките мои си заспивал,
в моите пазуј те мамеле
извори студени,
те помнам од мало,
те помнам од седум години.

Години,
години,
болка ме зајала,
години,
години,
под грло песна ми трајала,
три лета туѓинец класја ни собирал,
три лета бездушник убост ни сотирал,
три зими гладоста пред врата лежала,
три ...
четири маја
тегоба тежела ...

Студена стегаше вечер,
јасики в маглите тонеа,
а ти пред малата чета
појде - и гладен и блед,
но тој бој последен беше,
на раце залулав чедо,
убиен сокол во лет.
Твоето смрзнато око
далеку, кон исток впиено,
испрати проштален поглед
в селото, в пламења скриено.
Земја со срцето натопи,
зрно да раскласа,
класје да превтаса -
в рујна крв миено.

Срцето ми се кине,
момин глас кога слушам:
„Реко ле огнена,
низ гори мини,
најди го Благоја ...
Подарок извезов,
ноќе, крај свеќа,
подарок - кошула
за јаки плеќа.
Кога тој ќе ми се нагрне
шепни му -
го чекам

и ќе го чекам,
без него животот зацрне.

Ти ќе го познаеш, реко,
плускави раце има,
усмивка ширум ко море
и коса арсланска, дива.
Шепни му,
од љубов горам -
чекам - дур ќе сум жива".
Навечер тага ме сотира,
секој ден на мене
по еден бајрактар умира.
Загина ноќеска Илија,
борец - и силен и крилен.
Загина ...
А ти го знаеш -
заедно гнезда сте барале,
заедно в табличка школска
букви сте шарале,
заедно ...
и не сум знаела -
дека сум чувала, гледала
јунаци, планински ајдуци.
Сине, ја помнеш ли Марика?
И таа в планина загина ...
В јаглени очи и прочитав
илјади momински желби,

илјади приказни
в срцето нејзино стиснати:
домови бели
под дрвја лиснати,
грлици в жито,
моминскі дарови
на поток бистер и плиток.

И други, и други паднаа,
лутица змија ги пакоси,
родена солза ме ороси.
Заедно овци сте чувале,
заедно низ кавал
детински желби сте дувале,
заедно прво рало
по меки бразди сте влечеле,
заедно в селото мало
вашите спомени течеле.
Заедно ... таго ...
а не сум знаела
дека сум чувала, љубела
јунаци, бунтовни ајдуци ...

## Цветои

В Тиквешко негде, в некое село,
кај в слана тивко венеше цвете,
убија дете.

Последна солза од око капна ...
Кога на ридот есента стапна,
в крви се изми утрото бело.
И кога в зраци челикот светна –
последна мисла ко птица летна:
„Мајка ми сама остана в село!"

О, детски очи!
Криевте в себе небесно катче ...
Румено крвје, течеше в жили
в радост без почин ...

Кај око детско натопи земја
героцвет никна, разлиста пролет,
кај крвта врела растопи слана
црвена роза закити поле.

Мајската роза и цветот модер
в миризма молат:
„Закити, друже, огнена пушка
со цвеќа млади,
па напред појди и други деца
брани со гради."

В Тиквешко негде, в некое село,
кај в слана тивко венеше цвете -
убија дете ...

## Балада за Црногорската мома

На румена свила вез позлатен везе
црногорска мома, цвет в камења никнат,
од очи и врели прокапале солзи -
танконита бразда по моминска лика.

- Oj, Мргуде, либе прво ... кај се твојте очи сини,
oj, езерски. длабочини?
Во нив често в тивка вечер гледав соној како ронат ...
Кај се твојте песни-птици
на гуслени танки жици,
што ми снага милуваа ко сребренкав ѕун на ѕвона?

Oj, Мргуде, млад јаблане, oj, детството кај е мило,
со вишнево бело цветје и темјанки закитено?
И првата наша бразда со старото рало гнило?
И кроткото бело стадо,
и јагнето наше младо,
на скутовн милувано -
и со роса напоено?

Шепотите кај се наши крај успана широчина -
и првата бела пупка што закитив врела снага,
целувката срамежлива крај реката наша сина -

и клетвата верна кај е
живот мил до кога трае?
Ој, Мргуде, сокол пиле ... Нигде ништо само тага.

Ој Мргуде, ој, соколе, пролет стаса – спомен
тежи,
а јас сама слушам, в борби бригадата твоја пее:
„Со триесет пролетери на боиште Мргуд лежи,
над глава им силен стражар вечно буден Ловќен
бдее.“
Во вечери штом ветерчок ми се сплете в црни коси,
ќе чувствувам - издив топел од тебе ми, љубно,
носи ...
И јас ќе му шепнам тивко за тајната што ја криjам
на дно срце трепетливо,
а тоа ќе расне в љубов и ќе бие, и ќе бие
в гради живо ...

Тогај, душо, ќе ме краси усмив како таа пролет,
кога рече - цвет најубав да сум в цело росно поле,
во пазуви миризливи на пролетта млада скриен.
И ќе шепнам едвај чујно над нашите ораници,
ораници без граници:
- Носи поздрав, јужно ветре, таму каде Мргуд спие!

## Голаб на барикада

Негдека некој си борец
лежел во барикада,
над него високо горе
минувал голаб над градот.

Борецот-лирик со стрелба
песна непоена кликал,
голабот летал со желба
в сонце да измие лика.

Татнела војна, а градот
в лутица болка се свивал,
пиштеле мини, од чадот
тежела копрена сива.

Сонцето кога со лице
Пробило облачна мрежа,
видело-борец и птица
во смртта здружени лежат.

Окопот в пламења горел,
тие со мртвите очи,
гледале - младата зора
тага и солзи што точи.

## Сестрина љубов

Три јасики - моми, млечнолики бели
три јасики оро разиграле,
запеале песна, бисерница ситна,
од грлата збороj излетале:

Планино, моминска таго, чуваj го, чуваj го брат ни,
чедо е в твоите гори, со одбор - немирна чета,
без него живот ни нема, со него векот е златен,
без него вечна е есен, со него пролет ни цвета.

Тоj волчи пусии мине, со дваес' планински змеја,
по него смртта се краде, волчнца стозаба дива,
заглавје в сон му е пушка, темннте облаци -
стреа,
чуваj го планино родна, в своите преградки живи.

Ако ни дочуеш гласоj, кажи му сестрина љубов -
пред него душман да мрзне, мразница крв да му
леди.
На раце кога ни доjде дар да ни донесе убав -
слободна земjа, за коjа паднал и нашиот дедо.

## Егејска песна

1

Чувала мајка во скутој
Близнаци - волкчиња лути.
Два сина,
два џина
доела,
еден од друг не ги двоела -
в егејска пеења ги миела,
лика им в пазува криела ...

Два цвета на море -
на пролет лиснати,
две солзи радосни -
од око плиснати.

Греело детството нивно
во гради спомени дивни:
гнезда во јасики скриени,
дрвени сабји и дории,
качунки в росница миени,
в ширните егејски кории.

Ловеле децата месец
потонат в селскиот бунар,
спиеле в трлото тесно
в топлите јагнешки руна.

2

Минело првото детство,
детство, ко в секое село,
скитало в градини цветни
по туѓо јаболко зрело.

А кога детството фрлило
кончиња - врбови гранки,
младоста стиснала рало
в грубите плускави дланки.

3

Но едно обично утро
стасала војна на прагот,
носејќи болка и маки ...
Од тој ден селото мало
не виде сончеви зракој.

4

Покопа младоста младост,
откопа кременки живи,
скинати опинци стегна
и појде в планини сиви.

А кога песните стивнаа -
чедата в планини минаа -
потемне мајкино чело.
До доцна пред врата седела,
чекала синој и предела
ко сите мајки во село.

5

И еднаш дочека мајка,
вест црна некој и прати:
„Никола јунак ти беше
и веќе не ќе се врати ...
Со сета
јуначка чета
загина негде крај Драма ...
Не плачи, не жали, мајка,
едно ти остана чедо
не ќе си, не ќе си сама ..."

Проплака мајка во ноќта:
„Никола, никулец в поле,
зошто те изчува мајка,
зошто те израсна голем?
За кого ткаев и шиев
убава промена,
кој ќе ми донесе невеста,
на старост одмена?"

6

Пожале,
                поплака синок
мајката страдна,
утреден вест - нова болка
в раце и падна:

„Грозданчо јунак ти беше,
мина го покоси,
леринска црница топла
со срце ороси."

Зареди жалната мајка:
„Грозданчо, гроздова гранко,
зошто те доела мајка,
за лута пушка ли танка?

За кого до полноќ плетев
фанела бела за зимо?
Жална е мајката, синко,
две рани в срцето има.

Никола тешко ме разболе,
болка ми процепе гради,
но, чедо, за тебе мајка
ослепе в солзи и в јадој ...

Туку и в оваа болка
мајка ќе изнајде снага,
пушка да нарами тешка,
да појде по вашата трага.

Да појде в матнава есен
пролет да бара по патој,
да најде синеви нови
и крв за крвје да врати …"

Замолкна мајката в тага,
во ноќта заплиска Егеј,
шумејќи таговна песна
за детство крај сините брегој

И како глас да се носел
над море, в темната вечер:
„Живи сме ...
                    а крвта наша
в иљади борци ќе тече."

## Свадбарска песна

Дали чекаш, Јано, утро мое рано,
дали чекаш уште в село да се вратам,
да разврзам ситно на тамбура песна -
или чекаш, Јано, прстен да ти пратим?

Три години, Јано, јас по гора шетам,
в Кара - Орман буен со мојата чета,
три години пушка ,,малихерка“ носам,
ми поцрне лице, ми побеле коса,
три летници трески јас преболев тешки
и в заседа капев и в мисли те гледав -
со момите наши тутун како редиш.
В изворите барав очи - живи жарој,
в пролетниот облак лице твое бело,
и за тебе прашав и пак не те најдов,
ти чекаше момче во малото село.

Не ме чекај, злато, ни мене ни сватој,
нема, душо, свадба в поробена земја,
нема песна таму мајки кај што плачат,
не грејнува зора кај ноќ тежи темна,
не се смеат очи крвник што ги вади,
нема, Јано, љубов в село кое чади.

Не ме чекај, злато ни мене ни сватој,
нема кај да минам, в крви пливнал патот.
Венчан прстен сега оков ќе е тежок,
а свадбени сватој - немилите врани,
свршенички целув - фишеците жешки,
невестинска песна - плач на сите страни.

Мојте зборој, Јано, запнши ги в срце,
срмен елек скини и во гора мини,
фишеклија-елек гради ќе ти кити,
ќе браниме љубов, љубов наша прва,
ќе гониме душман што не дели крвав.

Па кога од Егеј до нашето море
забелее утро изгреано в бојот,
ќе те стиснам, Јано, на ранети гради,
ќе искитам сватој од дружбата моја
па пред сета чета, со песна ќе одам
и свадбено оро по село ќе водам.

А ти сплети в коси темјанки и шебој,
и насмевни око, ведро летно небо,
и разиграј снага во вечерта блага,
и нанижи ѓердан под грлото бело,
и поведи оро, танка моја ело,
ќе запискат гајди, ќе загрмат пушки -
а свадба ќе слави сето наше село.

# Бело јато

## Б е л о  Ј а т о

Кај летате, деној, јато бело,
кај ве носат леки крила?

Дали шумат жита зрели
и ве мамат,
ил' ве мами изгрев свилен,
над фабрики изгрев пламнат?

Дали в окно на вас чека
жилав рудар,
или за вас ткаеч ткае
свила мека,
ил' ве мами тракториска-
мома будна,
клас и песна да ви дае?

Лета в бескрај, лета бело јато,
за лет овој на срцево мое
ширум денес јас отворам врата“.

## П р в а   б р а з д а

За прв пат слободно светло ... утрото млечно и бело -
на поток измило лице.
Како во приказна детска, мајчина целувка мила,
илјади светкави бои милуват успано село,
нов ден и летање ново в гора поздравуват птици,
шушкаат скриени в лисје, шушкаат малецки крилја.

Нов ден и пламната радост!
Дождница, подарок личен, грутка набабрела мека,
Земјата, полна ко виме, бразда в длабочина чека -
отдолу орачот иде, снага му развива младосг.

„Ајдете, Шарко и Сивчо, ајдете родени мои,
секоја длабока бразда лебец е в работни дланој,
ајдете ... пот нека капе .."

Сонливо солнцето в залез грло на потокот пои -
сонот на почивка кани ...
Тивко од планина слезе ноќта и в селото стапи ...

## Зимна приказна

„Одамна било негде..." - почнува тивко дедо,
лулето старо гори, чадје и искри бие,
косата бела сплела мрежа на чело бледо,
живите очи топла радост под трепки кријат.

Децата, ние, мирно слушаме - течат зборој:
Русалки пред нас минат, џинови минат диви,
надвор се трупа снегот, побелел ширум дворот,
мразот по стакла везе играчки, шари живи.

Лета пред наши очи мома ко облак бела,
в планина, џинот гази, рспрснал бели стада,
волшебник горски носи дарој на детски желби,
слушаме ние немо, здивот ни стивнал в гради.

Замислен дедо ќе молкне - трошејки в луле тутун ...
Некој од нас ке праша: „Има ли, дедо, вили?
Има ли в светот негде, има ли џиној лути?"
Дедо се мурти важно: „Има, внучиња мили ..."

Минаа многу лета ... Затвори дедо очи.
За џин и вила бела мислев јас безброј пати –
мислев за чудни скаски, редени в нокен почин,
в старото луле кога тутунот в ноќ се злател.

Минаа безброј лета ... И пак ќе минат безброј,
тутун и в мое луле в зимна вечер ќе гори,
в моите црни коси, китки ке сплете сребро,
деца на мојте скутој чудни ќе слушат зборој ...

Приказни јас ќе редам, приказни што сум видел,
бомбаши, борци млади, јаблани в лисни гори,
џиној што сонце в раце донеле в голи ридој,
русалки, моми млади, никнати в лути борби.

Година една нова, снег штом ке скрие борје,
најмила песна тивко ке почнам јас за Тито,
за седум офанзиви, за млади синој в гора -
тивко ќе сплетам, тивко, приказна - цветна китка.

В моето око, може, солза бистра ќе светне,
срцето мое кога разбуди чувства силни,
буден по светот широк в минало јас ќе летам –
родина цветна над нас ширум ќе шири крила.

## Н о ќ   п р е д   И л и н д е н

Пак празник ни иде. Августова зора
над нашите глави ќе навтаса тивко,
крај зурли ќе минат ајдучките ора -
за спомен на твојот непокорен живот.

Дедовците в куќи ке соберат челад,
при полната софра ќе заредат  зборој:
,,Ех, далеку, негде, в опустено село -
в бој загина, внуци, планинскиот орел"

Ти не им се лути, што за тебе тие
ке избришат солза со тврдата рака:
жив ушге те помнат, во срце те криjат
дедовците наши - и многу те сакат.

Ти не им се лути, на веселба дојди
и послушај песни на младо и старо,
за четите твои, востаници бојни
ќе осетиш љубов на слободен народ.

Знам усмивка блага на лик ќе ти светне,
низ житното поле штом утре ќе минеш,
на новата жетва нов ден. ќе те сретне,
крај жетвари, млади илинденски синој,

Пак празник ни иде, а личнава вечер
разбудува спомен во земјава цветна,
в домовите наши пак песните течат
за твојата верна и бесмртна чета.

## Љубов за љубов

Колку се ноќите летни лични во спокојот стаен,
на гости кој што ни дошол в лунени вечери знае ...

В житовна лелејка мека, афион в роса се мие,
патуат жерави - песни; стотици шупелки благи
нечујно воздивки ронат ...
Фркнуева ветрецот горски в стежнати класови
скриен,
нивите раснат од влага,
без меѓи, в бескрајност тонат.

Статне ли тапанот негде, в Галичник, в свадбарска
вечер,
ората в село се нижат; малинно - румени дреи
саноќ во едно се леат.
Лудува срцето младо и крвта гнобурно тече,
песната свадбена, тивка в грло ко жарче што пече,
камен со пламен ќе згрее ...

Колку се ноките лични, утрата полични ни се ...
Утрата румено - бели, сончеви низи од бисер.

А кој бил велешки гостин, или во Тиквешко минал,
в Преспа кој огледал очи, китки кој насобрал
в Малеш,
натопил погачи бели в слатко и пенливо вино,
и наши јаганца галел -
овчарот кога за Гоце песни од кавалот ронел,
в своето човешко срце земјата наша ја понел.

Тој што над езера гледал везелки ѕвезди кај везат,
ѕвонлива ткаечка песна слушал крај ќилимот убав,
тутунот в низи го гледал како крај Прилеп се злати
и наша осетил љубов,
за љубов - љубов ни вратил!

## Песна на описменетиот бригадир

Младинска радост! Денови бели!
Дојди ми, сонце, лице во лице,
Малино - зоро, љубена момо,
прати ми в раце грлица птица,
расцветај, земјо, невесто китна,
нанижи гердан, белица в класје,
видело бело, сончево светло,
до мојте очи денеска стасај,
еј, село родно, песна ти праќам –
раснам ко јавор буен и висок,
јунашка гордост, бригади млади,
денеска прво напишав писмо".

Јас уште помнам немирно детство,
крај туѓи стада расплакан кавал,
безкрајно чинев на туѓи прагој,
печално - жално ќе веднам глава ...
Ни денот беше - ден в детство мое,
ни ноќта беше - ноќ в сини соној,
одев за корка в бачила туѓи,
росници солзи над судба ронев, -

ни книги знаев, ни дружба детска,
од виј на волци смрзнував плачен,
в јагнешко руно од студ се криев –
течеше така животот мачен.

Детинска таго ... младинска радост ...
Помина време, пораснав сокол,
за мома мила, жнеачка в ниви,
усмивка светна в моето око,
дочекав среќа, денови светли,
в атака минав за норми нови,
кубик врз кубик, буква по буква,
човешки живот учев да ковам.

И видов живот што не сум видел -
пред мојте очи побеле светот,
плускава рака, груба и тешка,
по бела книга посеја цветој,
плиснаа мисли, криени в срце,
зеница ѕвезда огреа в мракот,
јас видов живот, житен и китен,
в сонце кај цвета на наши прагој.

Срцето мое немирно бие -
раснам ко јавор, буен и висок,
в селото наше испракам песна
денеска прво напишав писмо.

## С е л а н е ц

Не пречека смуртен ден в облаци фатен
и испречи пред нас сив есенеки ѕид,
од гранките ветрец растураше злато,
в боровата гора
се пенеше порој
и брзаше негде по стрмиот рид.

Есенскиот дождец по очи не косна,
но идевме напред, по влажниот пат,
се ширеше пред нас прочутата Босна -
со урнати села во пепел и чад.

Со усмивка старец не пречека в Бела,
во очите влажни со вековен гнет,
ме потсети тогаш на нашиот селан –
многу, многу сакав,
да му стиснам рака
и нешто да слушнам од старецот блед.

„Па како е, синко? - ме поздрави мило.
На градба ли, негде, сте кренале пак?
Од далечна земја ве донеле крилја
да грејнете кај нас ко утренен зрак.

„Ме разигра радост прв пат кога видов -
в далечина искри, од јаглен и чад,
со ергенска снага се качив на ридот
и видов кај минат
по земјата шини -
по земјата наша, по нашиот кат.

„Слушам еднаш в село млад работник збори,
на изградба кани, разгорува жар,
во градите сетив жив пламен ми гори
и пожалев прв пат што толку сум стар.

,,А младоста моја лош стопан ја колвал,
не запомнав младост на туѓиот плуг,
вис кога ве видов, ме зајаде болка,
што в срце ја носам,
што често ме коси -
во борбите, синко, јас изгубив внук."

В неговото око зрак изгаснат светна ...
Се простивме немо ... Јас тргнав на пат,
в старечките зборој чудна љубов сетив
за сите нас в стројот, за нашиот град.

## Јас пак к'е се вратам

Ведри деној, душо, минат преку шини,
деној ко зрак пламнат, деној - птици бели,
в тие деној сетив многу пати тага -
ај, од меѓа тага срца што ни дели.

Мојте мисли, либе, во Трст жици кинат,
кај што корал краси драги руси коси,
кај бран морски ниже капки в чудна низа,
кај што ветер в чунче топла спомен носи.

И би јурнал таму како јужен ветрец,
ој, Словенко моја, љубов да ти вратам,
песни да ти шепнам пруга како градам,
многу топли желби, многу птичји јата.

Помнеш ли за рана што ја носам в гради
од бој жесток в Истра, рана спомен вечен,
ме преврза еднаш, а јас тогаш сетив
како в крвта моја прва љубов тече.

И в сон тонев буден, како мало дете,
но сон свилен в оган една вечер згина,
јас остаив, либе, роса в твојте трепки,
роса која капна в бран на вода сина.

На разделба видов в твојте очи желба,
очи мои мили, под трепките златни,
болка в гради стиснав и со тага шепаав:
„Пак ќе грејне зора, јас пак ќе се вратам."

Душо моја, верност јас од тебе барам,
верност ко зрак светла, јака како камен,
и јас сум ти верен - тебе и на Истра,
в гради чувам љубов, жив и вечен пламен.

Слушај сега, слушај, што никогаш не си,
Младинската пруга в Босна шини ткае,
возот вчера тргна китен в жива китка -
со илјади срца, в жив пламен што сјаат.

Деној минат в градба, а јас, душо, гледам
кај нас срце игра, чувства в гради пали ...
Но чекај ме ... веруј ... ако треба еднаш,
да ти видам очи - младост не ќе жалам.

## Сватовска

Во село ми, во село ми
ситно оро виловито,
надвишило класје класој,
срп се сплеткал в тешко жито.

Натежнале зрели црешни,
искршиле сочни гранки,
и прокапал мед од саќе
на момини топли дланки.

Грозје зрее, сокој лее,
Сонце - свадбар дели злато,
закитува бели дреи
на жетвари, селски сватој.

Во село ми, во село ми
свадбената песна снови,
нараснале над јасики
двокатници наши нови.

Се сокриле бели ѕидој
под тутунски низи тешки,
од погачи, од погачи
вршниците раснат жешки.

Гиздав младич по лозјата
наточува рујно вино,
бело моме дарој ткае
в лененово поле сино.

Блеат трла, амбар стежнал,
свадба слави село збрано,
под сватовско крилно знаме
мине оро разиграно.

## П л а н и н о ,   п л а н и н о . . .

1

Време е -
денеска чувствувам песна,
в белите утрински часој,
планино,
за тебе в моиве гради
љубовта расне и класи.

Дедо ми, може би, на песна мислел,
а ете,
тој не бил поет,
неписмен овчар -
в опинци одел
и пеел:"... Планино моја ..."

Минела тага по скалите голи,
јачела песната ширум:
„Планино, планино,
ајдучка старино ..."
овчарот пеел за Пирин.

2

Над мене, в Пирин –
тонови меки
немирно сега се плетат,
некој си пиринец заредил тивко
песна за Јанева чета.

3

Живеел поет под Пирин во Банско,
дишел, се борел и пеел,
крилена радост и горчлива тага
за Пирин в песните леел.

4

Депов е денеска роден за песна,
срцето крилја ми шири,
весел сум, кликам:
- за тебе пеам,
за тебе, планино Пирин!

Чудно е, чудно човешкото срце
може да пригрне цел еден народ,
во тоа срце секогаш место
за тебе има, планино стара ...

И ако протече песнава моја
тивко, ко порој што тече,
народе мој, -
планино моја,
секогаш ќе сте вечни ...

## Црна балада

В Невјорк, зад неколку мора, живеел Џими Џек,
бесправен човек црн, бездомник - од имот имал
плускави две раце црни, в црниот невјоршки век
и имал нејак син, син имал црниот Џими.

Повезден работел Џими, ропски, в безодморен труд –
и в тие црни дни верувал в иднина бела,
носел на своите плешки судбина - железен чук -
пател од црна глад, мака со чедото делел ...

Еднаш малиот црнец одел по шумниот град,
сонувал будно леб и будно занесен сновел,
одел ... и наеднаш в гради сетил и тага и јад,
пред него пливнат в крв лежел безживотен човек.

Писнало црното чедо, очи му сматила жал,
згрчен, на асфалтот врел, црниот безправник Џими
се давел во крвава пена! „ ... Ме уби цар Капитал –
затоа црн што бев и верба в живот што имав ...“

Замрел татковиот шепот, замрел и црниот син,
росела над нив ноќ, а на нив гледала тажно
Слобода, бронзова, нема, сведок на страшниот линч
слушајќи детски плач - во градот од крви влажен.

**Печалбарска**

„Пуста останала Америка,
Америка земја печалбарска"
Ни долета весница, сине,
ве понела радост во дланки,
миналото в мисли ми мина -
ме врати кај брезите танки,
сончевиот изгрев ме плисна
и длабоко проби во крвје,
во срцево спомента никна -
ко мајско млечнолико дрвје.

Го запомнав синиот превез
во ноќи, над стреите сплетен,
а тебе, мој соколе левен,
те помнам во колепка дете -
три робии ми минаа в мисли,
три изгори в црната суша,
со мака крвавата спомен,
со мака во грло ја душам.

А писмото везден го читам,
зрак испраќаш, соколе питом:

по земјата ни класи радост
и среќа по бразди се сее,
селаните пленеле сонце
за  вечност во село да грее.
Ми пишуваш ... срцето боли -
што три рани на гради носиш,
јас чувствувам скриена тага
од буквите в писмото роси.

Проштавај ми, заминав дамна,
и скитав по светов голем,
од болката бегав - а најдов
на секога чекора болест.
И три мора еве не делат,
без работа скитам по градот,
леб душава секаде бара
а навоѓа гладост и јадост.

Но в тагава мисла ме грее,
за вашата иднина, чедо,
јас пред вас со длабока почит
до земја, до земја се веднам ...

## Твоја и моја земја

на Никола Јонков Вапцаров

Во нашата земја
и  твоја,
и моја,
кај песните
моторни
реват,

в априлскава вечер,
крај Вардар што тече,
кај в бескрајност
радост
се крева,

ти намини
низ друм,
друм ко душа широк,
да збориме долго
за Егеј
и Пирин.

Знам –
растрел
те косна ...
По шаблон да речам:
не дочека
априлски
цутој,

свитнатите очи -
ко растрел
за растрел,

зафркаа
пламења
лути,
в миг,
в јулската вечер,
пред твоето лико,

в туѓинските раце
стрепетеа штикој.

И сега е вечер,
лирична,
што велат,
и бела,
и топла,
и мека,

кога
тивко
мине
глас момин
над села,

крај брегот
на Вардар
те чекам,

за Гоце
и Јане
долго
да ти зборам,

за Родина -
лулка
на поети - борци.

Самотниве ѕвезди,
срамежливи, тивки,

е жалливо
сами
да скитат,

да појдеме горе
до градини нивни

да земеме
неколку китки,

за прошетка мала -
ако сакаш –
молам,

ќе седнеме малку
в Големата кола.

Ќе минеме,
часкум,
по небесни друмој,

над Мадрид,
над Филипини,

а пред зора
в галоп
ќе дојдеме дома,

крај росните
качунки сини -

штом сонце
од исток
водопад
ќе слее -
пенливите води
в стих
со нас
ќе  пеат !

Од далеку
Пирин
в сретба
ќе ни појде,

да посретне
бунтар
и поет,
ќе понесе
Вардар
в крвавиот Егеј -

пароли
и агитки бојни,

а нашите срца
знам ќе бидат
тесни -

за личнава земја
да искажат песни.

Пролетниот ветер
ќе донесе в шумој,

од Прилеп
легендите чудни,

ќе слушаме долго
од порои
зборој

ќе слушаме
приказни
будно

од бразди ќе пука
земјината кора -

ко патоказ
в живот
кај заминал орач.

Штом белите брези
ќе пливнат во роса,

би станал
и непоет
лирик,

за нежните чувства
те молам
да простиш,

но в родина -
бела
и ширна –

со илјади села,
житокласни,
бели,

без-ви-но-вен
јас сум
за чувства
 врели.

Ти земја
си тапкал,
си пишувал песни,

со парабел,
барут
и пламен,
знам,
тогаш
си знаел
в две балкански земји

ќе изгрее зорница - знаме,

ќе израсне знаме
од пушки
и песни,

наш поет огнен,
буроносен весник.

## Китајската

Китајци,
јас за вас
пеам,
огнена
пеам балада.

Стихови -
кремен и камен,
со ритам
неврзан, див,

со грло,
картечница лута,
бијам од барикада -

за вас,
и од вас,
и со вас,
мој гладен колектив.

Во ноќи,
облачни ноќи,
кога со стрелби врели

на нишан
барате
туѓин,
нигде

ни капка зрак,

љубов со грстои
ви делам -
ракетли,
пламено светло

стихови,
илјада сонца –
и кинам студен мрак.

Пеам -
и сакам со песна,

в заседа
со вас да чекам,

да плиснам
на сите страни
крвје -
расцветан мак.

Пеам во гневот
и сакам
со топла
лирика мекалути
да залечам рани -
по бојот
во залез благ.

И кога
зататне

песна,
ко татнеж
крепост
што рони,

за  идни
синови
ваши
ке гаснам
в колевки жар,

радоста
тогаш  ке светне
со нас,
и за нас,
и во нас

и мирно
в колона ќе влезе
со нас
в победнички марш

## Две приказни

Спокојно на брег крај Вардар, детството заспало
мое,
под глава послало сонои - илјади приказни чудни:
татковски усмивнат Гоце над него со пушка стои
и бдее, ајдуци силни дебнат зад дрвјата будни ...

Палава детинска глава, се ти е рамно и мило -
штурче на дланка ти спие, бреза те чува со шепот,
русалка, проѕирно - бела - ти дала свилено крило,
од златни зраци на облак своја си кренало крепост.

Јурнува детството на сон, со коњче - чапкунче
пламно,
по него пузиња лути одат на троглава ала,
или на гусарски кораб оди по морето рамно,
в раце му прангии - пушка, искри низ нoќта што
палат.

Немирни детински сонои ... Заспана приказно сина,
дрвена кременко моја, петлово перце на капа ...
Остана живата спомен, детството ко на сон згина,
остана в срцето мое болката таговна, тапа.

На брег крај немирен Вардар денеска младоста
моја
што на сон гледало детство, пред себе на јава
гледа:
татковски усмивнат Тито, висок до облаци стои,
крај Него, дење и ноќе, приказни нови се редат.

Надошла радоста в плима, над себе високо расне,
русалка, црна од сонце, на трактор расплела коси,
пред нови петкатни домои крепоста сончева гасне,
новата приказна наша в детските деној ме носи.

Немирна, пролетна младост, со што да измерам
чувства
чувства крај разбој ... и жетва ..., чувства крај
ѕвонливи стројој?...
Денес се вистински песни детските соништа пусти,
завод за приказни нови сега е земјата моја.

3oja

## Украина

В Украина песна слушав,
ја понесов в својте гради,
ко момина љубов мила
и топла ко срца млади:

„Голабови јата в сончевото злато
над колхозот минат, ги понела зора,
во јоргован шумен се сокриле домој,
навевајќи спомен армоника збори:

„Ој, девојко, Украинко,
ко пролетен ветрец лека,
засветнува чиста љубов
под твоите трепки меки.

„Пет околни села ја знаеле неа,
на тракторот кога минувала ниви,
и праќале кришум ергените поглед,
ја грееле в шепот со пламења живи ...

„Ој, девојко, Украинко,
мој погледу, цвете питом,
до твоето бело рамо
раскласало тешко жито.

„Изгревувал живот во колхозот цветен,
сончевите снопја стежнувале златни,
за момата в љубов натежнале срца
и летале в денот галабови јата ...

И песната тече, слушам,
како солза оросница,
и акорд по акорд брза –
ко по јато ластоица:

„Но на лето, еднаш, се доближи туѓин
до колхозот, кога сончогледот зреел,
в домовите наши зативнаа песни,
не заигра в зора зрак сончев по стреи ...

„Ој, девојко, Украинка ...
ој девојко, горско цвете,
усмевката твоја зајде,
згасна зракот в очи светли.

„Во празното село навлегоа Немци,
изматија води - и поток и порој,
а момата руса, Украинка стројна,
се одоми негде в столетната гора.

„Ој, девојко, Украинка,
од твоето око благо
омразата в искри плиска –
да го сотре в оган врагот.

„За секоја стапка Украинска земја
по тиранот нека се исипе казна,
мој соколец - борец, нарачува Сталин:
- В колхозите наши ќе изгрее празник."

И песната в звуци тече,
шуми в неа Днепар силен,
шуми, плиска, полетува
на проѕирни леки крилја:

„В колхозите наши ќе изгрее празник,
русолика зора пак утре ќе пламне,
пак жетварки кршни ке испраќат сонце
по богата жетва со момински танец.

„Ој, девојко, партизанко,
и таго и радост моја,
од езера, очи твои -
капки пијам, срце појам.

,,И празникот дојде. Во селото наше -
ко огномет алов цут пливна во роса,
бригадата стигна - а со неа она,
Украинка мома со китка во коси ...

„Ој,девојко, Комсомолко
око мое насмеано,
боевита пушка кити,
дојде утро изгреано.

„Ден празничен светол над колхозот лета,
жетварките - борци разиграле снага,
Украина цвета. Изгреана зора
се капе во зраци - насмеана, блага ..."

В Украина песна слушав,
ја понесов в својте гради -
ко момина љубов мила
и топла ко срца млади.

## **З о ј а**

Девојко,
пламена розо,
поетска радост и болко,

залена јасико,
Зојо,
колку ли години в школо
учеше како се брани

Родина
родена в бојот?

Животи седум да имам
и седум пати да гинам,

по твојте стапки би одел ...
А кога тебе те спомнам - живот во бојот да дадам -
затоа чинам сум роден.

1

Лисје штом пробие кора в дрвја на улици бели -
пролетта нечујно гази,
во јата девојки носи ...

Погледај,
младоста оди,
денот и спие во коси.

Пролет е,
а негде во нас
на студат спомени стојат,
оваа човешка пролет
цвета без стројната Зоја.

2

Другарки биле но Москва
и се ко приказна било:

сребрено смеење в трамвај,
в градина развити ора,

игри
и лирика крилна,

соној и проѕирни  зори.
Во тоа, во тоа оро, виела снага стројна,

пролетна јасика -
Зоја ...

3

Раснела,
криела снага в Комсомол орлица мома,

дните и тонеле в песна,

среќа и греела в денот -
тивка и бескрајно дивна ...

Но една утрина летна -
прв колхоз в пламења вивна.

Помати туѓинец радост,
растури в житници жарој,

Сонцето,
momински другар,

потемне в чадје и барут.

4

Комсомол -
Сталинско племе ...
Илјади,
илјади млади

тргнаа в крвава сретба,
кон запал
радост да бранат

Девој ки,
сончево јато,

плиснаа крви по патот,

зорница
            румена
                        нивна,

потемне, потемне рано.

Зар една московска мајка испрати чедо во бојот?
Исти се мајките в Москва,
иста е нивната болка. ...
Совлада мајка солзи в бој кога замина Зоја.

5

I,Iинови - столетни дабој –
криеле стапалки в гора,

боречки стапалки боси,
                                крвави трагови в снегот,

малите планински села
                                помнеле нерамни борби –

помнеле децата руски крвникот в страв кога бегал ...
Раснела древната Москва, раснело Сталинско
                                                        племе -
(изгревот засветкал таму - кај денот душмански
                                                        стемнел ...)

6

Има ли жив да е некој од тие што палеле домој -
за Зоја спомни му тогаш,
спомни му за таа мома,

и читај в погледот негов
и страв,
и ужас,
и мака,
читај в негови рани винтовка нижела зборој.
Читај,
и учи,
и помни
како за родина гине
девојка

в борба што појде
рамно од моминско оро.

Читај,
тоа е буквар,
кај први букви ќе сретиш,

како од оган и пепел
Родина-градина цвета.

7

„Катјуши" далеку татнат,
срца со надеж греат,

в германска одаја темна
од пламен сенки се леат,

на.двор е тивко
и глуво –

внатре ја мачат неа ...

Тешки се чизмите немски,
камшикот пламено жеже

но ништо од омраза не е помило во такви часој.
Бучат немските гласој -
Зоја победник трае,
љубов за земјата нејна ко молња во очи и сјае.
Не капна моминска солза,
не згасна в зеница надеж,
надеж на новата зора. . .

Моминско молчење в болка
одговор беше јасен

на сите туѓински зборој ...

8

А мајка чекала чедо ... в прегратки пак да и падне
но писна весница птица на раце мајкини слета :

„Пак мајка, над наши стреи,
пак, мајка, пролет ќе цвета."

9

Пролет е ...

Сончеви капки
капат в шумната Нева,

Урал в облаци мине
утрени дождови пие,

а Волга
широка душа,
високо бранови крева,
Днепрострој
крвав
и ранен

раните в пена ги мие,
Родина - градина расне ...

Класале зрелите жита,
стасале грузински вишни,

јаболки плиснале злато
в колхозни пазуви кришни,
в московски
в домински песни
живее спомен на Зоја -
и нема,
нема
да згасне.